# Повик за поднесување апликации: Обука за градење капацитети за само-застапување

**Апликацијата е отворена за ромски девојки, жени и активисти за феминизам од Северна Македонија**

**КОГА**: 22 март - 25 март 2022 (цели четири дена)

**КАДЕ**: Скопје, Северна Македонија (ТВС). Зависно од ограничувањата за Ковид-19, обуката може ќе се спроведе онлајн.

**ОРГАНИЗИРАНО ОД**: ОБСЕ Канцеларија за демократски институции и човекови права (ОДИХР)

**Содржина:**

ОДИХР организира четиридневна обука за градење капацитети за само-застапување со следните цели:

1. Унапредување, проширување и заштита на граѓанскиот простор во сите домени, вклучително и онлајн за да се поддржат заложбите на жените за елиминирање на пречките за феминистичка акција со сите нејзини различности;
2. Зголемување на целисходното учество, лидерство и моќ за одлучување кај ромските девојки и жени и активисти за феминизам преку градење вештини за само-застапување, вклучително и само-свесност, и сопствените и групните потреби и интереси да бидат подеднакво вклучени во јавниот живот и процесите за одлучување;
3. Градење на капацитетите на ромските жени за дијалог со владите; и споделување ефективни и иновативни стратегии за надминување на родовите стереотипи;
4. Зголемување на капацитетите и зајакнување на ромските жени за вклучување на ромската родова еднаквост во ромските заедници и пошироко.

На обуката за градење капацитети ќе учествуваат 15-20 млади ромски жени од Северна Македонија. Обуката има за цел да се разгледаат и анализираат пречките, потребите и тековните предизвици со коишто се соочуваат младите ромски жени во нивните заедници и да се зајакнат жените од недоволно застапените групи да го кажат своето мислење и да се вклучат во само-застапување и застапување за правата на другите жени од недоволно застапените групи. Учесничките ќе учат вештини за само-застапување како алатка да се обезбеди повеќе контрола врз работите коишто влијаат на нивниот живот и за поголемо учество во одлучувањето по тие прашања. Во овој контекст, само-застапувањето е способност на жените да проговорат за себе и за другите жени соочени со слични прашања, а коишто се недоволно видливи или недоволно итни за креаторите на политики и носителите на одлуки. На овој начин, обуката ќе придонесе за диверзификација и јакнење на лидерството на ромските жени и женските движења во Северна Македонија.

На обуката за градење капацитети, учесниците ќе се запознаат со нивните права и одговорности, и ќе се зајакне ефективната комуникација и медиумските стратегии во дигиталното доба, за да можат да влијаат на носителите на одлуки и на унапредувањето на агендата за родови прашања. Обуката ќе се фокусира и на градење вештини за само-застапување, вклучително и самосвест, идентификување на силните страни и предизвиците, сопствените и групните потреби и интереси, разбирање на правата, искажување на проблемите, алатки за застапување, моќта на директните искуства, комуникација заснована на вредности со оние кои овозможуваат и спречуваат, наоѓање сојузници, ресурси за безбедност и само-застапување. Со методологијата за обуката на учесниците ќе им се понудат ефективни стратегии за справување со родовите стереотипи и нивно надминување. Методите за обука ќе бидат интерактивни, со фокус на вештините и техниките, како и едноставни и ефективни стратегии за справување со прашањата и решавање на проблемите преку застапување и соработка.

На обуката за градење капацитети ќе бидат опфатени следните теми во текот на четири дена: 1) моќ, особено како може позитивно да се користи за да се постигне промена за учесниците и за припадниците на нивните заедници; 2) како да се започне со само-застапување, без разлика дали во голема или мала мера, со ставање акцент на планирањето; 3) карактеристики за лидерство на лицата кои применуваат само-застапување и како тие може да се користат за да се постигне најголем ефект; 4) начини да се вклучат сојузници и пасивни противници во работата на само-застапување.

Програмата ќе биде практична. Потпирајќи се нашите колективни искуства, целта е да се поддржи развојот на вештини кај учесниците за работа на родовата еднаквост во нивните заедници.

**Заднина**:

2004 ОБСЕ Акциски план за унапредување на родовата еднаквост ги утврдува приоритетите на ОБСЕ за унапредување на родовата еднаквост во организацијата и во сите 57 земји-членки. Акцискиот план предвидува мандат за ОДИХР „да помага на земјите-членки во унапредувањето на женското политичко учество" и „да помага во развојот и имплементацијата на конкретни програми и активности за унапредување на правата на жените, за зголемена улога на жените на сите нивоа на одлучување, и за унапредување на еднаквоста помеѓу жените и мажите низ регионот на ОБСЕ, особено преку едукација за родова свесност"[1].

Покрај тоа, ОБСЕ Акциски план за подобрување на состојбата на Ромите и Синтите во регионот на ОБСЕ (2003)[2], ја препознава посебната состојба на жените Роми и Синти; повикува на учество на жените во консултативните процеси за креирање политики; систематско вклучување на прашањата за ромските жени; обезбедување на еднакви можности на девојките Роми и Синти за образование и социјална инклузија; и поттикнува унапредување на учеството на жените во јавниот и политичкиот живот.

[1] 2004 ОБСЕ Акциски план за унапредување на родовата еднаквост. Достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/7/d/23295.pdf

[2] ОБСЕ, „Акциски план за подобрување на состојбата на Роми и Синти во регионот на ОБСЕ" (Виена: ОБСЕ), , достапно на: http://www.osce.org/odihr/17554.

**Подобни кандидати**:

Жените Ромки од Северна Македонија се повикуваат да се пријават. Услови за подобност се:

- Ромски девојки, жени и активисти за феминизам кои активно работат/волонтираат во организации за ромски прашања;
- Млади активисти за родови прашања кои се заинтересирани да ги зајакнат вештините за работа на родовата еднаквост;
- Мотивираност и подготвеност да се започнат последователни активности во сопствениот дом/локални заедници и организации;
- На возраст од 18 до 35 години;
- Можат да присуствуваат за целото времетраење на сесиите.

Работен јазик на обуката за градење капацитети за само-застапување е англиски и македонски јазик со симултано толкување. Меѓутоа, зависно од потребите на учесниците, ќе биде достапно толкување и на други јазици. Клучно е потенцијалните учесници да обезбедат дека ќе бидат физички присутни на определените дати.

**Трошоци:**

Сместувањето, оброците и патните трошоци во земјата за јавен превоз до и од местото за обука ќе бидат покриени за учесниците кои не се од Скопје. Ручекот, како и трошоците за потенцијално КОВИД-19 тестирање, ќе бидат покриени од ОДИХР за сите учесници на обуката.

**Процес на пријавување:**

Користете го следниот линк за да го пополните формуларот за апликација: https://docs.google.com/forms/d/1ZzG3_C-NEcUoFUNks3NFocmv4BTYUV8Am9Zv2sOb_o0/viewform?edit_requested=true

**Краен рок за пријавување: 10. март 2022, 23:59 CET**.

Ве информираме дека сите учесници на обуката за градење капацитети, вклучително и обучувачите, кадарот на ОДИХР и лицата за техничка поддршка ќе треба да направат брз антиген тест на денот на почетокот на обуката. Само учесниците со негативен брз антиген тест ќе можат да влезат во просторијата за обука и да учествуваат на обуката. Трошокот за антиген тестовите ќе ги покрие ОДИХР.

Организаторите ги охрабруваат и ромските жени со попреченост да се пријават. Информирајте не доколку има потреба од толкување или помош во врска со попреченост при комплетирање на процесот на пријавување.

Сите пријавени ќе бидат информирани за исходот од нивната апликација до 14 март 2022.

За повеќе информации и прашања, контактирајте со sanja.nikolin@odihr.pl; beata.bislimolahova@odihr.pl; и justyna.szarwacka@odihr.pl